**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Првото продолжение на Шеесеттата седница на Собранието на Република Македонија,**
**одржана на 23 ноември 2000 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала за седници, со почеток во 12,35 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Илјаз Халими, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Почитувани пратеници, почитуван потпретседател на Владата, продолжуваме со работа по Шеесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Ве молам да притиснете на едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Присутни се 62 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Во меѓувреме координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ Чедомир Краљевски, координаторот на пратеничката група на ПДПА-НДП Замир Дика, координаторот на пратеничката група на ДА Радомир Карангелески, заменикот на координаторот на пратеничката група на СДСМ Радмила Шеќеринска, координаторот на пратеничката група на ПДП Насер Зибери, координаторот на пратеничката група на ВМРО-ВМРО Миланчо Черкезов, координаторот на пратеничката група на ЛП Слободан Даневски и пратениците Мевљан Таири, Иљас Сабриу и Амди Бајрам, поднесоа Предлог на декларација за подигнување на нивото на односите на РМ со ЕУ.

Предлогот на декларацијата ви е поделен.

Со оглед на карактерот на прашањето што се предлага да се разгледува на оваа седница, предлагам дневниот ред да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 70 пратеници, 70 "за", воздржани нема, против нема.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници, 65 "за", 1 воздржан и против нема.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Преминуваме на дневниот ред.

Предлог на декларација за подигнување на нивото на односите на Република Македонија со Европската унија.

Предлогот на декларацијата и извештаите од заедничката седница на комисиите за Европски и евроатлантски интеграции и за надворешна политика ви се поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Тито Петковски има процедурална забелешка.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине потпретседател, јас мислам дека вчера се договоривме со сугестии на неколку пратеници, меѓутоа и пратеничките групи дека пред да отпочнеме претрес по текстот на Предлог декларацијата добро е да го ислушаме излагањето на шефот на преговарачкиот тим, господинот Васил Тупурковски. Еве сега е тука, па после тоа да поминеме на претрес по Текстот на декларацијата.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Има збор Васил Тупурковски.

**ВАСИЛ ТУПУРКОВСКИ:**

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници, ние уште вчера депониравме 10 примероци на последниот текст на усвоената Спогодба за асоцијација и стабилизација во Парламентот. Тоа не е никаква замена за квалитетното информирање на пратениците и пратеничките групи, но во секој случај барем неофицијално сега тоа ќе го добие секоја пратеничка група. Исто така, депониравме за секого, значи 120 примероци на Декларацијата што ќе ја усвои Загребскиот самит со ознака "доверливо" и ги молам пратениците да го почитуваат статусот на овој документ.

Како што е познато дами и господа, вчера во предвечерните часови завршија преговорите за склучување на Спогодба за асоцијација и стабилизација помеѓу нашата земја и ЕУ. Ќе си дозволам една оценка без претензии дека таа треба да го оптовари на било каков начин формалниот процес кога

тој ќе ја опфати и процедурата на ратификација на оваа Спогодба, дека успешно завршија, дека се одвиваа во еден динамичен и ефикасен преговарачки процес и дека сега тоа претставува крупен формално правен чекор во напорите на РМ да и се приближи на ЕУ, затоа што станува збор за една меѓународна спогодба, значи за еден меѓународен договор кој што предвидува прецизни права и обврски за двете договорни страни кои што се во склад со нормите на меѓународното право, со нормите да речам условно на европското право, со највисоките мултилатерално усвоени документи и во Светската заедница и посебно во Европа и нормално исто така нареченото европско законодавство кон кое што ние подоцна ќе имаме во фазата на имплементацијата на Спогодбата за асоцијација и стабилизација и формална обврска да извршиме приближување, да извршиме апроксимација. Несомнено овој чин претставува надоградување на досегашните форми на соработка иницирани уште од првите години на самостојна и суверена РМ, но сега се тие ситуирани во рамки на спогодба за асоцијација и стабилизација чиј што краен продукт е извесен доколку успешно ја реализираме оваа Спогодба и тој краен продукт е кандидатурата на РМ за полноправно членство во ЕУ. Се разбира, понатаму продуктот на процесот на кандидатурата и остварувањето на другите услови кои што се и критериуми што се наопходни да се задоволи овој статус на кандидатура со огромна надеж очекуваме и со сигурност можеме да тврдиме еден ден ќе претставуваат и полноправно членство на РМ во ЕУ. Целите на Спогодбата за асоцијација и стабилизација се дефинирани на самиот почеток уште во првиот член на оваа Спогодба и тие се овие што сега ќе ги набројам како најзначајни.

Прво, се воспоставува асоцијација меѓу РМ и ЕУ.

Второ, се обезбедуваат сите услови за политички дијалог и блиски политички односи што имаат карактер на партнерски односи. Се обезбедуваат услови за развој на економските односи, економските интереси и вкупните меѓународни односи на нашата земја на РМ, значи тоа е една од целите на Спогодбата. И конечно, градуелно, постепено се создава зона на слободна трговија. Тоа се основните цели на Спогодбата. Во стратешка смисла верувам дека ќе го споделите мислењето дека тоа ги задоволува нашите потреби како што се дефинирани од ова Собрание барем најмалку два, или три пати во 10-годишниот период на суверена РМ.

Генералните принципи кои што се дефинираат во оваа Спогодба за асоцијација и стабилизација поаѓаат од потребата да се обезбедат регионален мир и регионална стабилност, да се обезбедат услови и да се натераат земјите од регионот да негуваат добрососедски односи како нивен иманентен интерес, но исто така и поширок, што значи европски интерес за вкупна стабилност на континентот и исто така да се вреднуваат индивидуалните постигања на секоја земја што се наоѓа во процесот на асоцијација и стабилизација, Тоа се генералните принципи што ги дефинираат односите помеѓу ЕУ и земјите што се наоѓаат, односно нашата единствено е во статус на остварување, почетно остварување на Спогодбата за асоцијација и стабилизација и потоа сосема извесно може да се тврди дека во периоди што ќе дојдат на дневен ред во тој процес ќе се вклучат и Република Хрватска, Република Албанија, Босна и Херцеговина и Сојузна Република Југославија. Очигледно е дека во генералните принципи е присутен како комбинација помеѓу регионалниот пристап и индивидуалните постигања дефиниција е присутна и одредница за тоа како на квалитетен начин ќе тече процесот на стабилизација и асоцијација во најширок дијапазон на соработката помеѓу земјите од регионот што значи и помеѓу нашата, односно и нашата со ЕУ.

Конечно кај генералните принципи на општ економски план применливи се одредбите на ГАД и на Светската трговска организација. Ова се значајни генерални принципи, бидејќи ние можам да кажам од праксата и од искуството на преговарачкиот процес кога ќе се погледа какви секторски интереси постоеја во РМ, многу често под поимот заштита на тие интереси заборававме дека наскоро се надевам и релативно брзо ќе имаме и обврски од доменот на клучните документи, принципи и регулатива на Светската трговска организација. Тоа е момент кој што многу од нас ќе не отрезни од аспект на некои од реформите, длабинските реформи што во РМ ќе мора да се случат и заради нашето зачленување во Светската трговска организација, но и пред тоа заради почетокот на овој процес на стабилизација и асоцијација. Спогодбата е динамички документ и тој предвидува дека во период од максимум до 10 години што е поделен во две фази и со имплементација на

Спогодбата ќе дојде до воспоставување на асоцијацијата помеѓу ЕУ и нашата земја.

Првата фаза е клучна за неколку приоритетни определби и тие се квалитетната регионална соработка, движењето на работниците, на услугите, на капиталот и воспоставувањето на компаниите во двете договорни страни, значи во нашата земја и во ЕУ, апроксимацијата на законодавството односно на правото и соработката во сферата на правдата и внатрешните работи. Значи, во првата фаза на извршувањето, односно на спроведувањето на оваа Спогодба на приоритетен начин се апострофирани и ќе бидат наши најкрупни обврски токму овие елементи. Имплементацијата на самата Спогодба и фазите како што се дефинирани зависат од одлуките на Советот за асоцијација и стабилизација што интерно го предвидува и го воспоставува оваа Спогодба на паритетен начин конституиран од претставници на ЕУ, односно нејзината комисија и од властите да речам условно на РМ. Првобитно во иницијативата, мандатот и потоа регулативата што и даде право на Европската комисија да ги започне преговорите со РМ беше предвидено овие фази да траат два пати по пет години, односно секоја по пет години и на крајот на првата фаза, значи петтата година овој Совет да ја донесе одлуката за тоа дали може да се премине од првата во втората фаза, односно да согледа дали се реализирани приоритетите што ги наброив: регионалната соработка, движењето на услугите, работниците, капиталот, апроксимацијата на правото и соработката во сферата на правдата и внатрешните работи, за да се отвори втората фаза на понатамошна имплементација на Спогодбата и полека да се приближуваме како договорни страни кон крајната цел асоцијација целосно етаблирана во контекстот на соработката помеѓу двете страни, помеѓу РМ и ЕУ. Ние зедовме огромна обврска иницирајќи ја промената на Спогодбата во оваа сфера дека Советот има право да одлучи по свое наоѓање, а не на крајот на првата фаза, значи не по истекот на некоја петта година, односно четврта, петта година, за тоа кога ќе се помине во втората фаза со што ќе се отворат да речам условно вратите за целосна имплементација на Спогодбата. Сакам да кажам дека во овие рамки ќе се формира и парламентарен совет за непосредна директна соработка помеѓу Парламентот на РМ и Европскиот парламент. Тука ќе тече значаен политички дијалог од една страна, а од друга страна мислам дека ќе тече и еден процес на постојана оценка и преоценка на активностите на Европската комисија, односно на владата на РМ во однос и во врска со имплементацијата на самата соработка.

Политичката соработка и дијалог што имаат едно од централните места во самата Спогодба се дефинирани како меѓусебно приближување, градење на тесни врски и меѓусебна солидарност. Тоа значи дека во политичката сфера ние започнуваме еден процес на извонредно приближување помеѓу двете страни, затоа што станува збор буквално за меѓусебна солидарност и за таканаречени тесни политички врски. Тоа што ние успеавме да додадеме во самата Спогодба и што на некој начин сега за прв пат условно да речам меша тоа што беа права и статусно освоени позиции на земјите кандидати со внесување во документ што е спогодба за асоцијација и стабилизација, значи на оние што допрва го започнуваат патот на асоцијацијата е дека помеѓу РМ и ЕУ ќе тече тесна соработка во рамките на заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ. Ова има стратешко значење бидејќи прво, заради координираните односи помеѓу ЕУ и НАТО на планот на одбраната и безбедноста ние сега еден процес што го водиме издвоено кон НАТО, го правиме комплементарен со процесот на соработка во сферата на заедничката надворешна, го потенцирам ова и на безбедносната политика на ЕУ, а од друга страна имајќи го предвид дека очигледно во наредниот период ЕУ ќе стекне права, со тоа и обврски да формира и сопствена одбранбена политика која што иако координирана со општата во западната хемисфера, мислам на НАТО политиката, во европски рамки ќе има концентрирани и некои посебни ингеренции. Ваквото двојство да речам и на нашата нова позиција ќе ни обезбеди целосен увид и целосна заштита на нашите интереси во процесот на приближувањето и кон НАТО и кон ЕУ.

Регионалната соработка што е еден од принципите на овој документ ја отсликува се разбира и регионалната димензија на целиот процес на асоцијација и стабилизација. Несомнено тој е еден од централните. Тоа никој не би можел да го негира. Но, ќе речам нешто малку подоцна, или веднаш дека доктрината на ЕУ за регионалната соработка иако често пати се сфаќа и во нашата земја беше апострофирана често пати како наше можно

изолирање во рамките на регионот, не е точно.

**ВАСИЛ ТУПУРКОВСКИ:** (Продолжение)

Затоа што регионалната димензија, како што ја сфаќа ЕУ ја дефинираше и ќе ја генерализира Декларацијата на Загребскиот самит, се сфаќа како потреба да се обезбеди мир, стабилност, добро - соседски односи. Затоа се иницираат заеднички проекти меѓу соседните земји, преку гранични проекти, што се финансираат од посебни фондови на ЕУ и се во поширокиот контекст на "Пактот за стабилност на југо - источна Европа", што значи не ги опфаќа само земјите од т.н. Западен Балкан, туку ги вклучува и сите други земји, кои што се наоѓаат во различна статусна позиција, од членки на ЕУ, евидентни кандидати за зачленување на ЕУ и трети држави во овој пошироко сфатен регион на Југоисточна Европа. Посебна форма на регионалната соработка спрема оваа Спогодба се билатералните Конвенции, што се воспоставуваат како обврска на земјите што ќе склучат спогодби за асоцијација и стабилизација и за што ние презедовме чекори да предложиме ваква прва билатерална спогодба на Република Хрватска, а билатералните спогодби се базираат на принципите на овој договор, односно на принципите и стандардите на соработката во рамките на ЕУ. Што значи од прилика, така како што се дефинирани во нашата Спогодба како приоритетни: регионална соработка, политички дијалог, апроксимација на законодавството и соработка во сферата на правдата и внатрешните работи, така од прилика треба и во регионалните рамки да поттикнат потесна соработка меѓу земјите што сега, или подоцна ќе се најдат во фаза на процесна асоцијација и стабилизација.

Со самата спогодба, во оваа регионална сфера, не се исклучува можноста и верувам дека РМ, ќе даде такви иницијативи, односно Владата на РМ ќе даде такви иницијативи, слични спогодби на билатерално ниво да бидат склучени и со некои од земјите кандидати. Значи, не само антиципирајќи што ќе се случи уште во сегашнава фаза што имаме иницијативи спрема земји што ќе се наоѓаат во процесот на асоцијација и стабилизација, туку и со земји кандидати.

Економските аспекти, се разбира, се централните во оваа спогодба за асоцијација и стабилизација. Мое длабоко уверување е создавањето на зоната на слободна трговија. Тоа е првостепен вграден процес и е предвиден да биде дефинитивно конституиран во форма на зона на слободна трговија, со темпо што ќе им одговара на двете страни, но пред се, на РМ, се разбира, повторно не подоцна од финалниот ден, односно некаде пред истек на 10 години. Сеедно, кога тоа ќе се случи и со какво темпо, ние ќе можеме да ги исполниме овие обврски и критериуми.

Во економската сфера ЕУ ги укинува еднострано царините и квантитативните рестрикции за сите македонски производи, со исклучок на виното и младото телешкото "беби - бифот", тоа е еднострана мерка, ние немаме такви обврски, таа има моментално дејство, односно стапува во сила од 1.XII. оваа година, веднаш по Загребската Конференција, а ние обезбедивме услови со привремена спогодба, со интерна спогодба, во сила овие делови на Спогодбата да влезат од моментот на потпишувањето на таа времена спогодба. Тоа ќе се случи некаде, да речеме, за месец, два, додека ги погледаме и ги изработиме, односно ги инкорпорираме сите аспекти на трговските и економските односи по парафирањето, по 24 ноември 2000 година.

На наша страна имаме асиметрична заштита на нашите интереси, на нашиот пазар и на нашата економија, така што тука обезбедивме да се оптегне таа асиметрична заштита на периодот од 10 години. Значи, во таа сфера, дури кога ќе ги исполниме сите услови за заклучок дека е имплементирана спогодбата за асоцијација и стабилизација, ако сакаме до крајот да ги почитуваме словото и одредбите на овој меѓународен документ на договор меѓу двете страни, можеме на асиметричен начин да се браниме цели 10 години. Дали за тоа ќе постои потреба, земајќи предвид дека еден од крупните принципи, критичните принципи на овој процес на приближување и создавањето на зона за слободна трговија, ќе оцени Владата, односно тоа ќе го верификува или ќе го отфрли овој Парламент во некоја друга фаза.

Апроксимацијата на законодавството, исто така е еден од најзначајните приоритети. Јасно е назначено дека веќе во првата фаза на извршувањето на оваа Спогодба, ќе мора да се создадат услови за отпочнување на овој крупен процес, масивен процес на приближување на нашето законодавство кон европското.

Приоритетите тука се дефинирани како интервенција на теренот на приближувањето на законодавството, па и вкупното пазарно право да се третира прашањето на конкуренцијата, на

интелектуалната сопственост, на стандардите и сертифицирањето, незаконски акти, јавните набавки и заштитата на податоците, односно тука е едно е од централните прашања, вкупната реформа на правосудството. Стартот на оваа постапка што е навистина е една од најкрупните и како врска и како работа, бидејќи се претпоставува по некои проценти дека 120 илјади страници од прилика има Европското законодавство, кон кое ние што треба да се приближиме и да извршиме апроксимација. Не е одложен ни еден единствен ден и ја ставаме на тест и политичката и вкупната организациска подготвеност на РМ, во овие обврски да влезе од денот на потпишување. Што значи дека практично онаа времена спогодба што се однесува на трговските односи, сега имплицитно се шири и на теренот на почетокот на процесот на апроксимација на законодавството. Ова има и други ефекти, посебно во сферата на финансирањето и пружањето на техничка помош, да можеме да го оствариме овој процес и да ги обезбедиме сите услови да се заврши оваа макотрпна работа, што значи дека од денот на потпишувањето, кога ќе биде стартиран, ќе имаме техничка и финансиска значајна помош, бидејќи на крајот на краиштата, тој процес е скап и не верувам дека е предвиден еден единствен денар, барем засега во Буџетот на РМ а со таа драгоцена помош, посебно во техничка смисла, ние се надевам, и таа задача ќе можеме да кажеме дека еден ден сме ја извршиле.

Во сферата на правдата и на внатрешните работи, централни определби се владеењето на правото и независноста на судовите, а крупна соработка, интензивна соработка ќе оствариме кај визниот режим, кај контролата на границите, кај азилот и кај емиграцијата. Овде е прашањето на реадмисијата и сосема е познато и нема зошто да бегаме од констатацијата дека се предизвикаа контраверзии околу толкувањето на обврските што произлегуваат од Спогодбата, а се однесуваат на реадмисијата.

Клаузулата за реадмисијата е презема од Женевските ковенции од 50-тите години. Тоа е прво. Второ, од праксата на меѓународно - правното заговарање на земјите членки на ЕУ, меѓусебно и со трети држави, сега веќе сосема јасно, со држави што се во процес на кандидатура, очигледно како принцип и еден од основните постулати и на процесот на асоцијацијата и стабилизацијата. Исто така, секоја од овие земји остварува вакви интереси со трети држави. Ние имаме одредено правно и меѓународно правно искуство во оваа сфера, сме склучила вакви спогодби од 1996 - 1997 година наваму. Сите проверки што можевме да ги направиме не зборуваат за никаква еклатантна опасност во самиот принцип на реадмисијата. Тоа е меѓународно воспоставен, воспоставен е како квалитетен принцип на меѓународното општење меѓу земјите во ЕУ и нивната меѓународна комуникација со трети држави посебно во процесот на кандидатура, како што нагласив и стабилизација и асоцијација, за нас е одбранлив, бидејќи допрва ќе може да креира било какви обврски на тој терен, откога ќе се склучат евентуални билатерални спогодби меѓу РМ и земји што ќе побараат такви спогодби со РМ, или обратно, ако ние имаме интерес, ако ги иницираме со други држави, кои се членки на ЕУ. Значи тоа генерално земено е едно од важните полиња на делување и соработка, несомнено, тоа се однесува на еден крупен интерес на граѓаните на РМ, од аспект на слободата да патуваат во европските држави, посебно во Западна Европа и гледано низ таа призма, навистина, ќе треба и самите ние, иако не верувам дека тоа ќе го пропуштиме, кон овие прашања на правдата и на внатрешните работи да гледаме на еден високо приоритетен начин.

Во Спогодбата се предвидени повеќе политики на соработка. Јас само ќе набројам дел од сферите каде што таа соработка ќе тече, затоа што е договорено со оваа Спогодба, за неа се обезбедени средства преку новата Програма што ја замени ФАРЕ, Програмата. Тие средства во периодот 2000-2006 година за петте земји, не само за РМ, туку за петте земји на западен Балкан, ќе бидат во висина од 4,6 милијарди евра, значи се на долгорочна основа и се однесуваат на политиките на соработка: во сферата на статистиката, банкарството, осигурувањето, финансиските услуги, инвестициите, промоцијата и заштитата на инвестициите, како индустриска соработка, соработка со сферата на малите и средните претпријатија, туризмот, царините, даноците, социјалната сфера, образованието, културата, информациите и комуникациите, аудиовизуелната сфера, електорнските комуникации, информациското општество, заштитата на потрошувачите, транспортот, енергијата итн. Нема подрачје што може да се согледа дека може да претставува предизвик за унапредување на вкупните интереси на РМ, што не се согледува и низ оваа композиција

во самата Спогодба за соработка меѓу двете страни.

Посебно прашање е прашањето на финансиската соработка меѓу двете страни, каде што е предвидено дека Република Македонија ќе добие финансиска поддршка во вид на грантови, во вид на кредити, и во вид на кредити од Европската инвестициона банка, дека како техничка помош ќе се обезбедат грантови врз долгорочна основа, а дека посебна финансиска поддршка ќе се даде на планот на апроксимацијата на политиките за соработка. Исто така, финансиската соработка предвидува можност, во исклучителни ситуации, се надевам тие и ќе бидат исклучителни за Република Македонија, да се даде и макрофинансиска поддршка, ако е неопходна.

Јас можам да ве информирам дека склучувањето на оваа спогодба и склучувањето на аранжманите со меѓународните финансиски инситутуции обезбедуваат реализирање на преземената обврска од страна на Комисијата на Европската Унија за макрофинансиска поддршка на Република Македонија во вкупен износ од 80 милиони евра, во две транши, едната 50, а другата 30 милиони евра.

Еволутивната клаузула е соопштена вчера. За неа нема преговори. Нема никакво изненадување околу тоа. Ние ги знаевме правилата на играта како држава и нејзини институции, кога започна процесот на приближување воопшто, а посебно откако беше дефиниран мандатот за преговори со Република Македонија. Ја сослушавме и можеме да дадеме оценки околу тоа.

Европската унија е подготвена да ја интегрира Република Македонија до највисок можен степен. Тоа е едниот основен елемент. На еволутивната клаузула, а вториот е дека Република Македонија има статус на потенцијален кандидат за членство во Европската Унија и тоа врз основа на пактот на ЕУ, третиот на Европската Унија и критериумите од 1993 година, што ги донесе Европскиот совет на познатата конференција, односно сеанса во Копенхаген, односно врз основа на успешната имплементација на Спогодбата за асоцијација и стабилизација.

Јас сум длабоко уверен дека во овие два елементи дадени се правните основи, не само политичката волја, што е дефинирана во формулата дека Европската Унија сака да ја интегрира Република Македонија, односно е подготвена да ја интегрира Република Македонија до највисок можен степен во ЕУ, туку и правните основи за полноправно членство, затоа што критериумите од Копенхаген исклучиво и целосно се однесуваат на земјите кандидати за членство во ЕУ.

Би сакал на крајот два збора да кажам за Загребскиот Самит, од аспект на Спогодбата за асоцијација и стабилизација. Загребскиот Самит, ако ја погледате самата декларација, што во овој момент е во форма на Нацрт, односно Предлог, ги генерализира од една страна, а од друга страна ги гарантира основите на нивните односи меѓу ЕУ и петте земји од овој регион.

Основните гаранции се даваат на полето на обезбедувањето на мирот и стабилноста, на регионалната соработка по Европските принципи, не е тоа некоја специфична регионална соработка на процесот на стабилизација и асоцијација, на приближувањето кон Европската Унија преку економски развој на секоја земја посебно и на регионот, односно на апроксимацијата на законодавствата и на потенцијалното членство.

Мислам дека историското значење на оваа конференција е кодификацијата на политиката на Европската Унија кон прашањето на потенцијалното членство на секоја од овие земји, што значи на Република Македонија во Европската Унија.

Почитувани дами и господа, очигледно станува збор за почеток на едно од најкрупните патувања на Република Македонија низ нејзината историја. Би заклучил со тоа дека треба да бидеме среќни што историските околности ни овозможија токму нам, да бидеме активни субјекти, творци на првите чекори, би ја нарекол, на Европската ера на нашата татковина.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на потпретседателот на Владата за овие исцрпни информации околу соработката на преговарачкиот тим со Европската Унија

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави г-динот пратеник Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитуван потпретседателе на Влада, почитувани колеги пратеници.

Јас се јавив за збор, како иницијатор на поднесување на Декларацијата за поддршка, односно за подигање на односите на Република

Македонија со Европската Унија, во функција на општата расправа.

Идејата за обединета Европа е одамнешна цел на хуманистите и пацифистите, се искристализира во политички концепт и стана стварност, од олицетворена како ЕУ, во вид на еден напреден облик на мултидржавна, мултиетничка и мултисекторска интеграција со надлежности кои се протегаат во економијата, индустријата, политиката, правата на граѓаните и надворешната политика на 15-те земји членки на Европската Унија.

Со други зборови, Европската Унија претставува една нова филозофија во севкупното општествено живеење, базирано на највисоките стандарди, научни и емпириски достигнувања во економијата, политичкиот систем, правото и граѓанските и човековите права.

Почитувани колеги, ако е нешто неспорно, ако нешто секогаш на експлицитен и имплицитен начин е истакнувано во настапите на сите политички структури, како на домашен план, така и во сите наши билатерални и мултилатерални комуникации, тоа се програмските цели на сите политички партии за целосна интеграција на Република Македонија во ЕУ. Ова го зборувам од причина што на сите ни е јасно дека нашето целосно инкорпорирање во ЕУ ќе претставува повисок и нов квалитет на општествено економско живеење, што ќе ни овозможи приближување до степен на изедначување на животниот стандард на нашите граѓани, со стандардот на граѓаните во земјите на Европската Унија, а и ќе ги декласира некои историски напластени конфликти и аспирации за големи држави на Балканот.

Повод за усвојување на Декларацијата за подигнување нивото на односите на Република Македонија со Европската Унија е претстојниот самит што ќе се одржи во Загреб на 24 ноември 2000 година на кој ќе учествуваат високи функционери на Европската Унија, како и лидерите на земјите од Западен Балкан.

На овој Самит ќе биде извршено парафирање на Договорот за стабилизација и асоцијација на Европската Унија со Република Македонија.

Овој историски момент за Република Македонија, односно чинот на парафирањето на Договорот, Собранието на Република Македонија треба да го искористи за институционализирање на консензуалниот став на сите политички партии што партиципираат во Собранието па и пошироко на граѓаните и преку чинот на усвојувањето на Декларацијата за подигнување на односите на Република Македонија со Европската унија и на формално правен начин да се даде парламентарна димензија на тој чин.

Чинот на акцептирањето на Договорот за стабилизација и асоцијација на Република Македонија со Европската Унија, во Загреб и подоцна неговото потпишување всушност е етапна фаза и етапна цел кон нашата крајна цел, а тоа е целосна интеграција и полноправно членство на Република Македонија во Европската Унија.

Целта на оваа Декларација е да се покаже монолитноста на ставовите на сите политички чинители, како и на Собранието како институција, за асоцијација и членство на Република Македонија во Европската Унија, кое ќе се постигне само со потполна поддршка од сите претставници во Парламентот, бидејќи станува збор за стратешки државен интерес и интерес на сите граѓани на Република Македонија.

Почитувани колеги, во оваа прилика јас нема да ја коментирам содржината на Договорот за стабилизација и асоцијација на Република Македонија со Европската Унија. Таква можност јас и сите вие ќе имаме кога како точка на дневен ред ќе стигне пред ова Собрание Законот за ратификација на овој Договор.

Би напоменал дека Договор за стабилизација и асоцијација сосема се разликува од Договорот за соработка и трговија што Република Македонија го има склучено со Европската Унија во 1997 година, бидејќи Договорот за стабилизација и асоцијација е од статусно правен карактер и содржи елементи суи-генерис за асоцирање на Република Македонија кон една државно правна и политичка структура.

Забелешката дека можеби е доцна за донесување Декларација за подигнување на односите на Република Македонија со Европската Унија не држи, бидејќи дури сега е извесно, со најголем степен на веројатност дека Договорот за стабилизација и асоцијација на Република Македонија со Европската Унија ќе биде акцептиран, а подоцна и потпишан, при што иницијаторите за донесување на оваа Декларација не сакаат овој чин да остане без парламентарна димензија и поддршка.

Напоменувам дека Нацрт текстот на Договорот за стабилизација и асоцијација,

како и самиот тек на преговорите, во неколку наврати на седниците на Комисијата за евро-атлантски интеграции беше експлициран од страна на претставниците на преговарачкиот тим, а на 27.10.2000 година до сите пратеници на овој Парламент беше испратен материјал во кој се содржеше Нацрт спогодбата за стабилизација и асоцијација на Република Македонија со Европската Унија, како и информацијата на Владата за актуелниот развој на односите на Република Македонија со Европската Унија. Така што пратениците имаа можност да го следат континуитетот на преговорите и содржината на Нацрт - Договорот.

На крајот би го поздравил вчерашното и денешното усогласување на текстот на Декларацијата од страна на сите претставници на политичките партии на Собранието, бидејќи да не заборавиме, Република Македонија е таа што бара прием во Европската Унија, а на оние што треба да не примат кај себе исклучително важно им е која политичка структура и како се однесувала пред тој чин. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Чедомир Краљевски.

Има збор пратеникот Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Почитуван господине потпретседателе, господине потпретседател на Владата, почитувани колеги.

Ми се чини дека е на место претставници од сите пратенички групи, за овој значаен чин да и дадат уште поголемо значење со нивната консензуална волја уште еднаш искажана и потпишана преку оваа Предлог декларација за поддршка на Договорот за стабилизација и асоцијација.

Пратеничката група на Демократската партија на Албанците оценува дека денес Собранието на Република Македонија расправа и ќе усвои една многу важна Декларација со која се поддржува парафирањето и потпишувањето на Договорот за стабилизација и асоцијација со Европската Унија, како еден голем чекор кон сензуалното тежнение не само на политичките субјекти, туку, верувам, и на граѓаните на Република Македонија, т.е. приклучување кон големата европска фамилија, приклучување кон новите вредности. Мислиме дека овој чекор е многу важен за Република Македонија кон целосното интегрирање во Европската Унија, бидејќи стапуваме на договорни релации, значи напишани релации, што значи прецизно дефинирани насоки и би рекол динамика на идните чекори кои водат кон стекнување статус на полноправно членство во Европската Унија.

Исто така сметаме дека е многу важен, за Република Македонија, и самиот настан, местото и церемонијата каде ќе се парафира Договорот за асоцијација и стабилизација. Значи тоа ќе се случи во Загреб на историскиот самит, бидејќи по прв пат се состануваат сите лидери на земјите членки на Европската Унија со лидерите на земјите во регионот, со што ќе се потврди волјата на земјите во регионот за интеграција во Европската Унија во една страна и сериозните намери на Европската Унија за целосно отварање на вратите за, исто така целосно приклучување на овие земји кон Европската Унија. Токму при овој чин мислам дека парафирањето на Договорот за стабилизација и асоцијација само со Република Македонија значи, од една страна привилегија, но и признавање на напорите на Република Македонија, особено кон Владата на Република Македонија, кон тежнението и напорите за реформирање и демократизација, би рекол на целото општество.

Ние мислиме дека ваквото признавање ќе ни помогне уште повеќе да го продлабочиме реформскиот курс кој многу цврсто е нацртан и се спроведува во Република Македонија и ќе ни даде поттик за да го поинтензивираме процесот на имплементацијата на Договорот за стабилизација и асоцијација, со што се надевам дека ќе го скратиме рокот за приближување кон тие вредности.

Оценуваме дека самиот договор за стабилизација и асоцијација ќе биде многу важен документ кој после ратификацијата од страна на Собранието на Република Македонија веќе ќе преставува и дел од нашето законодавство, ќе биде еден многу важен показател на патот кон подобрување на нашето законодавство и реформите во сите сфери, со крајна цел стандардот и квалитетот на живеење на граѓаните на Република Македонија да почне да личи на стандардот и квалитетот на живеењето на земјите членки на Европската Унија. Тоа значи декан и се даваат можности да се напрегнеме, да работиме, знаејќи ја целта на дадениот труд, а тоа е економски просперитет и квалитет на човековите права и слободи.

Во овој контекст сметам дека е за поздравување исто така и финансиската помош на Европската Унија со која ќе се покрие и поддржи овој тежок пат на целосна

трансформација на системот и општеството, при имплементирањето на ваквите взаемни договори.

Сметаме дека со искажаната волја на сите земји во регионот за интегрирање во Европската Унија и чекорите кои треба да се прават при тој пат, со ваков тип на договори, ќе значи и поголемо и поквалитетно подобрување на самите односи помеѓу земјите во регионот, врз едни заеднички цели кон новите вредности и ќе се постигне токму толку посакуваната хармонизација на односите со нашите земји соседи, па и со другите земји во регионот, врз принципи на тие нови вредности. Значи го потенцираме исто така значењето на регионалниот пристап.

Денес на еден состанок на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Европскиот Парламент, со високи претставници на Европската комисија, предводена од госпоѓата Дорис Реј, на некои забелешки што се однесуваа на еволутивната клаузула, таа одговори:

- Ова е прв пат од кога почна процесот на проширување на Европската Унија, што Европската Унија на еден договор и напишан документ со земја аспирант, кажува дека таа земја ја гледа како потенцијална членка.

Значи ова не е случај ниту со земјите кои потпишале договор за асоцијација, како што е Полска, Унгарија итн. Што значи уште едно признавање и привилегија за Република Македонија која, се надевам, ќе ги минимизира сите тие досега искажани, намерно или ненамерно негодувања врзани за овој Договор.

Денес, исто така, големо е значењето на овој наш консензуален пристап кон оваа Декларација. Исто така е многу важна и парламентарната димензија што му се дава на овој чин.

На крај сакам уште еднаш да ја искажам целосната поддршка на нашата Пратеничка група кон парафирањето и потпишувањето на Договорот за стабилизација и асоцијација. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Замир Дика.

Има збор госпоѓица пратеник Радмила Шеќеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, денес пред нас е Декларацијата за подигнување на нивото на односи на Република Македонија со Европската Унија, Декларација која што ја прифатија, ја потпишаа како Предлог декларација сите пратенички групи и сите пратеници во ова Собрание, Декларација која што веќе и во нејзиниот текст и преамбула стои дека се надоврзува на веќе декларираното, на некој начин веќе апсолвираното консензуално определување на сите значајни политички фактори во Република Македонија за приближување кон Европската Унија, практично консензуалното определување за полноправно членство на Република Македонија во европските и евро-атлантските интеграции.

Во исто време оваа консензуална определеност на политичките фактори во Република Македонија е изразена и во претходно донесена Декларација која што е донесена во ова Собрание, таканаречената Декларација за развој на односите на Република Македонија со Европската Унија, донесена на 4 февруари 1998 година, што значи дека се работи за Декларација која ја објаснува позицијата и на Собранието и на Република Македонија во континуитет по прашањето на односите на Република Македонија со Европската Унија.

Декларацијата за подигнување на нивото на односи на Република Македонија со Европската Унија ја апострофира нашата крајна завршна и првична цел, во овој дел, а тоа е полноправно членство на Република Македонија во Европската Унија и ја изразува нашата определеност да дадеме, навистина, се од себе и како институции и како држава, во напорите навистина тоа да стане и реалност.

Како што вели и самиот наслов, со Декларацијата се поддржува самиот факт дека пред нас е подигнување на нивото на односи на нашата држава со Европската Унија. И токму поради тоа инсистираме на терминот поддржување на определбата на Владата на Република Македонија за парафирање и потпишување на Договорот за стабилизација и асоцијација на Република Македонија со Европската Унија.

Зошто велам дека оваа формулација е значајна. Заради тоа што со ваквата формулација и со ваквата Декларација практично Собранието ја избегна замката која што можеби постоеше на почетокот, а тоа е да дава бланко поддршка на документи кои, за жал, Собранието сеуште ги нема видено и заради тоа декларативно само да се изјасни за начинот на кој што тоа до сега не е правено, туку начинот на кој што до сега тоа е изразено и како

Декларација и како определба. Токму поради тоа самиот договор за стабилизација и асоцијација, допрва ова Собрание треба да го разгледува, допрва треба да го анализира и самиот процес на ратификување на овој Договор ќе ни ја понуди таа шанса. Во таа прилика ќе имаме можност да зборуваме и за еволутивната клаузула и за тоа што значи непотенцијална членка на Европската Унија, туку потенцијален кандидат за член на Европската Унија. Ќе зборуваме за проблемите и за прашањата кои беа споменати во уводното излагање од типот на реадмисија, од типот на трговски бенифиции. Меѓутоа, велам тоа се анализи, тоа се дискусии кои што ќе имаме прилика да ги водиме и во оваа процедура.

Меѓутоа, она што мислам дека е уште позначајно, е дека оваа Декларација воедно го рефлектира и сфаќањето на пратениците од Собранието на РМ, дека всушност следните чекори или овој период после парафирањето на договорот, ќе бидат клучните во одредувањето на темпото, динамиката, квалитетот на нашето евро приближување. Имено, со самата Декларација Собранието практично се обврзува, како клучен фактор во ова приближување кон Европската Унија, да даде целосен придонес во исполнувањето на обврските од овој Договор и да го динамизира и синхронизира процесот на усогласување на македонското законодавство со законодавството на Европската Унија, но врз транспарентни основи.

Во исто време Собранието инсистира на транспарентност, не само на својата работа, туку и на транспарентност која ќе обезбеди јавноста да биде не само запознаена со процесот, туку низ тој процес на квалитетно информирање, квалитетно запознавање со деталите, содржината и суштината на овој договор да стане негов и природен и фактички сојузник.

Мислам дека духот на декларацијата покажува дека во оваа задача сме сите заедно, Владата, Собранието на Република Македонија, македонската јавност и само од нашата подготвеност навистина да се соочиме со предизвиците кои допрва ги отвара овој договор, ќе зависи дали Република Македонија од потенцијален кандидат за член на Европската унија, ќе направи некои сериозни квалитетни чекори напред. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

И благодарам на госпоѓица пратеник Радмила Шеќеринска.

За збор се јави пратеникот Радомир Карангелески.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Почитуван господине потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитуван потпретседател на Владата на Република Македонија.

Јас ќе бидам краток, ќе го изнесам ставот на Пратеничката група на ДА која безрезервно ја поддржува оваа Декларација, односно донесување на Декларацијата за подигнување на нивото на односите на Република Македонија со Европската Унија.

Со донесување на оваа Декларација се покажува политичката волја на сите политички субјекти во земјата, за развој и подигнување на односите на Република Македонија со Европската Унија.

Во оваа прилика сакам да го искажам нашето особено задоволство од изразената консензуална определеност на сите политички партии во Парламентот и сите пратеници кои позитивно и активно учествувајќи во креирањето на текстот и содржината, како на Декларацијата и амандманите што се интегрален дел на истата, фактички ја покажуваат волјата и идејата дека Република Македонија на крај сепак еден ден ќе биде полноправна членка на Европската Унија.

Голем исчекор во односите на нашата држава и Европската Унија ќе биде и парафирањето, потоа и потпишувањето на Договорот за стабилизација и асоцијација.

Јас не би должел. Во едно исцрпно излагање на шефот на преговарачкиот тим, имаме сега една глобално целосна слика, со оглед на вчерашното завршување на преговорите и сите, претпоставувам, и некои дилеми што порано се јавуваа во медиумите и кај одредени други политички структури, сепак добија завршница со едно вакво образлагање на сите решенија кои се дадени во договорот што конечно ќе го имаме при чинот на ратификацијата, со донесување на Законот за ратификација во ова Собрание.

Користам исто така во оваа прилика да истакнам дека сега топката е кај нас и Република Македонија сега е на потег за онаа цел што сите тука, со оваа Декларација, декларативно се изјаснивме, сака да го направи, дека ние, сите граѓани на Република Македонија и ние претставниците на тие граѓани во овој Парламент, сите институции од оваа држава треба да работиме што побрзо, таа врата

што сега ни е отворена со парафирањето и потпишувањето на овој договор, да ја искористиме и да влеземе во Европската Унија.

На крај би честитал на преговарачкиот тим за успешната работа и уште еднаш потврди дека Демократска алтернатива ќе ја поддржи безусловно оваа Декларација. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Радомир Карангелески.

Сега да го слушнеме и претставникот на Пратеничката група господинот пратеник Мерсел Билали.

(Поради прекин на електрична струја во салата, потпретседателот на Собранието даде пауза до 14,00 часот).

(По паузата).

(Седницата продолжи со работа во 14,35 часот).

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Почитувани пратеници да продолжиме со работа.

За збор се јави г-динот пратеник Мерсел Билали.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Г-дине потпретседателе на Собранието, г-дин потпретседател на Владата, дами и господа пратеници, во име на Партијата за демократски просперитет односно Пратеничката група ја поздравуваме оваа Декларација со која уште еднаш се изразува политичката волја на овој состав на Парламентот за да се парафира и потпише Спогодбата за асоцијација и стабилизација со Европската Унија.

Со овој акт ние уште еднаш ја афирмираме политичката волја дадена од Собранието 1993 година за Евроатланска интеграција, за Декларацијата од 1998 година за зачленување во Европската унија и сега за потпишување на оваа Спогодба.

Ние како поединци, како групи може да имаме и природно е да имаме разновидни желби од разновиден аспект. Тука веројатно спаѓа и нашата определба и желба што побрзо да се стекнеме со статус на полноправен член во Европската унија, меѓутоа мора да бидеме рационални во нашите размислувања од причини што ЕУ не значи празни или голи желби, туку значи таксативно исполнување на условите кои може да бидат од внатрешно политички аспект, како што е економскиот аспект, економскиот сегмент, социјалниот, развојот на демократијата, медиумите итн., или пак може да биде од надворешно политички аспект како што се односите со соседите, севкупните политички состојби во регионот итн. Значи, затоа треба да бидеме по рационални во нашите размислувања и искажувања од причина што прашањата за колку време ние ќе се стекнеме со полноправно членство во ЕУ не треба да се поставува во Брисел, туку треба да се поставува во Скопје. Имено, за колку време ние сме спремни да ги исполниме потребните услови од надворешно политички аспект, од внатрешен политички аспект толку е поблиску до полноправното членство во ЕУ.

Република Македонија и досега и сеуште има континуитет во соработката со ЕУ почнувајќи со ФАРЕ програмата, Пројамонт процесот, Спогодбата за текстил од 1997 година, Спогодбата за соработка и трговија од 1998 година и еве сега се финишира со Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Ова е прв пат и ова е нова стратегија, ова нова стратегија да се применува со нашата држава.

Од одделни изјави дадени од политичари, аналитичари итн. се осеќа еден страв посебно во однос на таканаречениот регионален пристап, меѓутоа мора да се согласиме дека тоа е еден од важните столбови на односите со ЕУ и тоа претпоставува регионална соработка, соработка со соседите и соработка со земјите кои претендираат да се стекнат со статус на полноправно членство во ЕУ. Сите овие односи би требало да се уредат со конвенција.

Имено, интерес на ЕУ, приемот во нејзините редови е да биде колективно како регија, меѓутоа сепак не се исклучува можноста за поединечен селективен пристап и оценка ако една држава многу побрзо ги исполнува условите и стандардите кои се бараат од ЕУ.

Важен сегмент или столб од Спогодбата е и приближувањето на законодавството и вториот сегмент на ова е почитување на законите и примената на законите, што е наша рак рана. Мислам дека оваа промена треба да претпоставува не само промени во економскиот сегмент, социјалниот, културниот развој на демократијата, туку и во нашата свест и совест за прашањата на за односите итн.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Мерсел Билали. За збор се јави г-динот пратеник Миланчо Черкезов.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, почитуван потпретседателе на Република Македонија и шеф на делегацијата на Република Македонија.

Во името на Пратеничката група ВМРО - ВМРО како еден од иницијаторите на заедничката Декларација на сите парламентарни групи и независни пратеници во Парламентот на Република Македонија даваме безрезервна поддршка на Декларацијата на Парламентот на Република Македонија за потпишуваше на Договорот за стабилизација и асоцијација на Република Македонија во Европската Унија.

Кај сите пратенички групи во Парламентот на РМ и партиите кои не партиципираат во моментот во Парламентот на РМ постои политички консензус за асоцирање на РМ кон европските и евро-атланските структури што особено е задоволство за нашата партија ВМРО - ВМРО, бидејќи со тој консензус се дефинира барем еден од националните интереси на РМ околу кој сите политички партии имаат подеднакво мислење.

Добра страна на Договорот е превземената обврска во иднина да чекориме и легислативата остварување на полноправно членство на РМ во европското семејство на народи односно европската заедница со наше прилагодување и приближување кон сите норми кои владеат денес во ЕУ.

Со оваа поддршка се обврзуваме дека ќе се залагаме за сите реформски зафати, законски проекти и меѓународни договори кои ќе ја водат РМ по овој пат односно дека нашата пратеничка група ВМРО - ВМРО ќе ги подржува сите иницијативи, обврски, проекти за остварување на овој витален, национален интерес за конечно асоцирање на РМ во ЕУ.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Миланчо Черкезов.

За збор се јави г-динот пратеник Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван потпретседателе на Владата, почитуван потпретседател на Собранието, почитувани господа пратеници и министри.

Во името на Сојузот на ромите во РМ и од мене како пратеник Амди Бајрам од ромската националност и како евро парламентарец од Македонскиот Парламент полна поддршка даваме, се придружуваме сите кон ова. Полна поддршка од Сојузот на ромите во Македонија, а и во Европа. Фактички даваме поддршка и Сојузот на ромите од Европа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Амди Бајрам.

За збор се јави пратеникот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Се извинувам што доцна барам збор но и доцна пристигнав, ја прочитав Декларацијата и би сакал само да се преслушаме.

Имено, во воведниот дел зборуваме за конкретниот договор или за договорот за стабилизација и асоцијација на РМ со ЕУ, тоа е претпоследниот пасус од воведниот дел, а во точката 4 зборуваме повторно за договор. Се мисли ли на конкретниот договор што се потпишува или се мисли општо за договор за асоцијација и стабилизација.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Јордан Бошков.

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на декларацијата.

Комисијата за европски и евроатлански интеграции и Комисијата за надворешна политика поднесоа амандмани на преамбулата за додавање нова алинеја по алинејата 7 точка 1, точка 2, точка 3 и на точка 4, со кои се согласиле предлагачите и тие се составен дел на текстот на Предлогот на декларацијата.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на декларацијата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме?

Вкупно гласале 86 пратеници... (Аплауз).

Констатирам дека Собранието ја донесе Декларацијата за подигнување на нивото на односите на Република Македонија со Европската унија.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам Шеесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 14,50 часот).